# ЈАВЕН ПОВИК

**ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ОБУКА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА САМОИДЕНТИФИКУВАНИТЕ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ/ЧКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ, ПРИЈАВУВАЊЕ И ОДГОВОР НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

## 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на ден 21.05.2026 година, објавува **Јавен повик за избор на експерт/ка за спроведување на дводневна обука за јакнење на капацитетите на самоидентификуваните сексуални работници/чки за препознавање, пријавување и одговор на сексуално насилство и трговија со луѓе**, со цел информирање и унапредување на нивните знаења, вештини и практични капацитети за безбедно реагирање, самозаштита и пристап до механизми за поддршка и заштита.

Овој ангажман се реализира во рамки на проектот „Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуално насилство и трговија со жени и девојки“ поддржан од UN Trust Fund to End Violence against Women. Крајната цел на проектот е самоидентификуваните сексуални работници во Северна Македонија кои се жртви на или се изложени на ризик од сексуално насилство, експлоатација и трговија со луѓе, да имаат поголема слобода на дејствување, безбедност и пристап до правда.

Повеќе за проектот може да прочитате на следниов линк: Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки

## 2. Цел на ангажманот

Целта на ангажманот е да се спроведе дводневна обука за јакнење на капацитетите на самоидентификувани сексуални работници/чки за препознавање, пријавување и одговор на сексуално насилство и трговија со луѓе. Обуката треба да придонесе кон унапредување на нивните знаења, практични вештини и механизми за самозаштита, како и кон подобро информирање за достапните сервиси за поддршка, правната рамка и механизмите за заштита и упатување.

## 3. Опис на задачите

Ангажираниот/ната експерт/ка ќе биде задолжен/а:

- да изврши подготовка и адаптација на веќе претходно развиен тренинг-модул согласно профилот и потребите на учесниците;

•да подготви агенда, презентациски и работни материјали за дводневната обука;
•да се координира со тимот на СТАР-СТАР Скопје во однос на организациските и логистичките аспекти на обуката;
•да реализира дводневна интерактивна обука за самоидентификувани сексуални работници/чки;
•да користи партиципативни методологии и практични вежби за јакнење на знаењата и вештините на учесниците;
•да обезбеди безбедна, доверлива и инклузивна средина за учење и учество;
•да подготви финален наративен извештај од спроведената обука, кој ќе вклучува опис на реализираните активности и препораки за понатамошно унапредување.

При спроведувањето на обуката, експертот/ката треба да осигура дека содржината и методологијата се контекстуално релевантни, прилагодени на локалните услови, институционалните бариери и специфичностите на сексуалната работа, како и разбирливи за лица со различни нивоа на формално образование.

## 4. Период на реализација

Ангажманот ќе се реализира во периодот **од 15.06.2026 до 24.06.2026 година**, со вкупно предвидени 4 работни дена за консултации, подготовка и развој на материјали, фасилитација и испорака на финален извештај. Избраниот/а експерт/ка треба да биде во можност да ја фасилитира обуката во однапред утврден датум **17.06.2026 – 19.06.2026** г. на локација која ќе ја одреди нарачателот.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да достават финансиска понуда во бруто износ, изразена во американски долари (USD).

## 6. Критериуми за избор

- Најмалку 3 години искуство во спроведување обуки, тренинзи и едукативни програми;
- Искуство со фасилитација на интерактивни и партиципативни обуки;
- Силно познавање на темите сексуално насилство, родово-базирано насилство и трговија со луѓе;
- Познавање на контекстот на сексуалната работа, трговијата со луѓе, ранливи заедници и правната рамка;

- Квалитет на предлог методологијата за спроведување на обуката;
- Професионално портфолио и/или референци од претходно спроведени обуки на иста или слична тематика;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство со работа и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува Комисија за евалуација и избор најдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремен ангажман. Условите за ангажманот ќе бидат дополнително усогласени во договор помеѓу двете страни. Доколку комисијата не спроведе избор, јавниот повик може да биде продолжен.

## 8. Потребни документи за аплицирање

- Кратко мотивациско писмо;
- Професионална биографија (CV);
- Предлог методологија за спроведување на обуката;
- Портфолио/референца од претходно спроведени обуки и едукативни активности.
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во американски долари (USD).

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака:
**Јавен повик – Експерт/ка за спроведување на дводневна обука за јакнење на капацитетите на самоидентификуваните сексуални работници/чки за препознавање, пријавување и одговор на сексуално насилство и трговија со луѓе** на следната електронска адреса: star.contact@yahoo.com

Краен рок за аплицирање: **28.05.2026 година,16:00 часот**.
Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраниот кандидат/ка ќе биде известен/а по електронски пат, најдоцна до 03.06.2026 година.

**Скопје, 21.05.2026 г.**